Република Северна Македонија
Министерство за социјална политика, демографија и млади

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve

- Сектор млади –
- Sektori i të Rinjve -

MQS
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-1129/0

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 08-5725/1
01-08-2025 20 год. / viti

# Процедура за определување постапка и утврдување критериуми за доделување средства за поддршка на проекти од областа на младите

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со оваа Процедура се определуваат субјектите на кои можат да се доделат средства за поддршка на проекти од областа на младите, како и постапката и критериумите за доделување на средства, поврзани со Националната стратегија за млади како стратешка определба и визија на Министерството за социјална политика, демографија и млади ( во натамошниот текст: Министерството).

### Член2

(1) Средствата од член 1 на оваа Процедура се средства кои Министерството ги доделува во текот на една година, а истите се определени во Буџетот на Република Северна Македонија преку Програмата 11, Раздел 15001.

(2) Висината на средствата од ставот (1) на овој член се одредуваат за секоја година посебно на почеток на тековната година со акти на Владата на Република Северна Македонија кои се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија".

## СУБЈЕКТИ КОРИСНИЦИ НА СРЕДСТВА

### Член 3

Субјектите на кои се доделуваат средствата од член 2 на оваа Процедура се здруженија кои :

- се регистрирани според Законот за здруженија и фондации,
- се регистрирани во регистарот на младински организации, организации за млади и младински чадор организации,
- работат не помалку од една година од денот на нивното регистрирање во Регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија, пред денот на објавувањето на повикот,


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија

Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

- во последниот наративен и финансиски извештај, имаат спроведено минимум две активности со или за млади,
- работат со млади и чии активности се однесуваат на млади и имаат искуство во реализација на програми или активности со млади на локално, регионално, национално или меѓународно ниво,
- спроведуваат активности што се однесуваат на развој на статусот на младите во општеството, остварување на правата и обврските на младите, едукација, унапредување на статусот на маргинализираните групи на млади лица, поттикнување на критичката мисла кај младите, поттикнување на научни и истражувачки активности кај младите и младинска работа, младинско учество и
- не спроведуваат активности кои содржат елементи на говор на омраза, поттикнуваат насилство, меѓуетничка нетрпеливост или дејствуваат спротивно на Уставот и правните норми во Република Северна Македонија.

## СУБЈЕКТИ – РАБОТНИ ТЕЛА КОИ ОДЛУЧУВААТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА

### Член 4

(1) Министерот за социјална политика, демографија и млади ( во натамошниот текст: министерот) формира Комисија, која ги разгледува пристигнатите барања за доделување средства по објавен повик од субјектите определени во член 3 на оваа Процедура.

(2) Комисијата е составена од пет члена и тоа, четири члена од Министерството и еден надворешен член од Одделението за соработка со невладин сектор од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

(3) Секое поднесено барање – Проект, Комисијата го разгледува и оценува посебно.

(4) Нецелосните апликации и поднесените проекти по завршување на јавниот повик по автоматизам се исклучени од разгледување.

(5) Потребните документи за целосна апликација се Пријава за финансиска поддршка, Предлог проект, Статут и решение за регистрација на


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

здружението или фондацијата, Наративен извештај за претходната година, завршна сметка на здружението или фондацијата за претходната година.

(6) Работата на Комисијата е јавна и документите кои Комисијата ги создава во постапката за доделување на средства се објавуваат на веб страната на Министерството.

Член 5

(1) Комисијата ги разгледува и оценува поднесените Барања, согласно критериумите утврдени во член 18 од оваа Процедура, применувајќи ги одредбите од член 3, 10 и 17 на оваа Процедура. Притоа пристигнатите барања се рангираат со бодови. Секој член на комисијата поединечно го оценува секое барање со внесување бодови во табела за секој од критериумите и тоа:

- 0 ( нула) бодови доколку не е исполнет критериумот,
- 3 (три) бодови доколку е делумно исполнет,
- 5 (пет) бодови доколку целосно е исполнет бараниот критериум.

Вкупните бодови се презентираат преку сумарна табела, по што се расправа за секое од барањата поодделно со потребно образложение за барањата за кои има поголеми разлики во бодувањето.

(2) За секое разгледано барање, Комисијата составува посебен записник со Предлог за одобрување на средства, кој не надминува 70 проценти од предлог буџетот во проектот, но не повеќе од 300.000 денари и го доставува до министерот.

(3) По евалуација на предлог проектите, Комисијата составува Извештај кој ги содржи следниве елементи:

- Датум и место каде е извршено рангирањето и оценувањето на поднесените барања,
- Датум на пристигнување на барањата,
- Субјектите – корисници кои поднеле барање,
- Состав на Комисијата која го извршила рангирањето и оценувањето на пристигнатите барања,
- Мислење и образложение дали да се доделат средства по поднесеното барање за доделување средства, односно дали предложените проекти ги исполнуваат условите за да им бидат доделени средства, од пристигнатите барања,


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија

Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

- Бодовна листа за анализа на исполнување на критериумите предвидени со оваа Процедура која ја пополнува секој член на Комисија од член 4 став (1) на оваа Процедура,
- Збирна бодовна листа, во која се прикажуваат резултатите од поединечните бодовни листи за анализа на исполнување на критериумите предвидени со оваа Процедура, која ја пополнува Комисија од член 4 став (1) на оваа Процедура и
- Посебните записници од евалуираните проекти.

Член 6

(1) Во фаза на разгледување и оценување на предложените проекти од страна на здруженијата, Комисијата од член 4 став (1) на оваа Процедура, најпрво ја оценува соодветноста на предложените проекти за чија реализација ќе се доделуваат средства.

(2) Како соодветен проект, кој е поднесен по објавен Повик, за чија реализација ќе се доделат средства се смета:

- Комплетен предлог проект, кој во себе ги содржат сите барани информации, вклучувајќи ги потребните додатоци,
- Предлог проект чија временска рамка за реализација е од еден до 12 месеци и
- Проекти кои се во согласност со утврдените специфични годишни приоритети од Националната Стратегија за млади, односно Акцискиот план за имплементација на Стратегијата, а кои се наведени во Повикот за учество за распределба на средства за реализација на проекти од областа на младите од интерес на Република Северна Македонија, годишната програма на министерството и другите стратешки документи на министерството поврзани со младите.

Член 7

По поднесените Извештај од член 5 став (3) од Предлогот за одобрување на средства од страна на Комисијата, министерот, донесува одлука за доделување средства, која се објавува на веб страна на министерството.

Член 8

(1) По објавувањето на одлуката за доделување средства, со сите здруженија чии што предложени проекти ги исполнуваат критериумите


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

предвидени со оваа Процедура, се потпишуваат Договори за реализација на соодветните проекти.

(2) Договорот од став (1) на овој член, особено ги содржи следните одредби:

- Предмет на договорот,
- Висината на доделените средства и распоред на финансирањето,
- Временска рамка за спроведување на договорот,
- Можност за промена на одредбите на договорот во случај на променети околности во спроведување на договорот,
- Одговорност во случај на причинета штета,
- Обврска совесно и одговорно да се користат доделените средства, како и да се вратат неискористените средства,
- Начин на известување, оценка и следење,
- Одредби за вршење на контрола над спроведувањето на договорот и на трошењето на доделените средства,
- Одредби за супсидиерна примена на законите и другите прописи и
- Други одредби согласно законските и подзаконските акти.

Член 9

(1) Субјектите од член 3 на оваа Процедура поднесуваат финален извештај за реализација на односниот проект, за чија реализација им се доделени средства до Министерството, најдоцна до 30 дена по завршувањето на реализација на последната активност од истиот.

(2) Извештајот од став (1) на овој член ги содржи особено следниве елементи:

- Цел за која се потрошени доделените средства,
- Начин на спроведување на соодветни активности поврзани со деловите од проектот од член 3 на оваа Процедура (наративен извештај),
- Датум и место каде се потрошени средствата за реализација на соодветен проект ( во прилог фактура, испратница, изводи од сметки, сметководствени картици и други документи за доказ), - финансиски извештај,


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија

Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

- Активности или делови кои се опфатени со доделените средства и нивна поврзаност со листи на присутни, видео и аудио докази за спроведените активности и
- Резултати и производи од реализираниот проект.

## ПОСТАПКИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА
### Член 10

Средствата од член 2 на оваа Процедура, се доделуваат по следниве постапки за доделување средства:

- Редовна постапка за доделување на средства со објава на повик и
- Вонредна постапка за доделување на средства со објава на повик.

## 1.Редовна постапка за доделување на средства со објава на повик
### Член 11

Постапката за доделување средства со објава на повик се спроведува во следниве фази:

1) Објава на повик за доделување на средства,
2) Прибирање на барања за доделување средства со предлог проекти,
3) Разгледување и оценување на поднесените барања за доделување средства со предлог проекти, од страна на комисијата при органот на државната управа надлежен за работите од областа на младите,
4) Донесување на одлука за доделување средства,
5) Потпишување Договор за реализација на проектот со односното здружение на граѓани,
6) Мониторинг и евалуација на реализираниот проект и рангирање на организацијата и
7) Извештај за реализираните проекти од распишаниот повик.

### Член 12

(1) Министерството во последниот квартал од тековната година објавува Повик за доделување на средства за поддршка на проекти од областа на младите.


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија

Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

(2) Повикот од ставот (1) на овој член се објавува во најмалку два печатени медиуми и веб страната на министерството, а трае најмалку 30 дена од денот на објавувањето.

(3) Во повикот од ставот (1) на овој член особено се назначуваат критериуми кои треба да ги исполнуваат предлог проектите, рок до кој најдоцна треба да бидат поднесени, како и начинот на доставување на барањето за доделување средства со предлог проекти и лица за контакт од министерството.

2. Вонредна постапка за доделување на средства со објава на повик

Член 13

(1) Вонредното доделување средства се врши преку образложување на причините за вонредното доделување, односно истите можат да бидат реалоцирани средства во годишниот буџет поради заштеди, крајна итност, непредвидени општествени настани тесно поврзани со млади кои се позитивни и промотивни за Република Северна Македонија. Активностите поддржани преку вонредна постапка, мора да бидат во тесна корелација со Стратегија за млади и Акцискиот план за млади.

(2)Постапката за вонредно доделување средства со објава на повик се спроведува во следниве фази:

1) Објава на повик за доделување на средства,
2) Прибирање на барања за доделување средства со предлог проекти
3) Разгледување и оценување на поднесените барања за доделување средства со предлог проекти, од страна на комисијата при органот на државната управа надлежен за работите од областа на младите,
4) Донесување на одлука за доделување средства,
5) Потпишување Договор за реализација на проектот со односното здружение на граѓани,
6) Мониторинг и евалуација на реализираниот проект и рангирање на организацијата и
7) Извештај за реализираните проекти од распишаниот повик.

Член 14

(1) Повикот од член 13 на овој член се објавува на веб страната на министерството, а ќе трае три работни дена од денот на објавувањето.


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија

Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

(2) Во повикот од ставот (1) на овој член особено се назначуваат критериуми кои треба да ги исполнуваат предлог проектите, рок до кој најдоцна треба да бидат поднесени, како и начинот на доставување на барањето за доделување средства со предлог проекти и лица за контакт од министерството.

КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА

Член 15

Критериуми кои треба да ги исполнат субјектите, кои ги поднесуваат предлог проектите за доделување на средства, се однесуваат на :

- Општи критериуми за селекција на субјектите/ организациите кандидати и
- Специфични критериуми поврзани со Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за млади, годишната програма за млади и стратешките документи поврзани со младите.

Општи критериуми за селекција на субјектите

Член 16

Критериуми за селекција на субјектите, кои ги поднесуваат предлог проектите за доделување на средства, се однесуваат на :

- Организациски капацитет и
- Оценка на предлог проектот.

Член 17

Критериуми поврзани со организациските капацитети се:

- Предлог проектот да е во согласност со мисијата и целите на субјектот – предлагачот,
- Субјектот – предлагач да има соодветно искуство од минимум една година во спроведување на слични проекти или активности,
- Кај субјектот – предлагач да постојат соодветни капацитети ( човечки и материјални) кои би биле во насока на имплементација на предложените активности,
- Субјектот – предлагач да вклучува волонтери во неговата работа при реализација на предлог проектот и


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

- Субјектот предлагач да има годишна програма за работа, стратегија на организацијата или акциски план.

Член 18

(1) Критериуми поврзани со оценка на предлог проектот се:

1. Релевантност на предлог проектот,
2. Ефективност и ефикасност на проектните активности,
3. Партиципација на целните групи,
4. Одржливост на предлог проектот,
5. Очекувани мерливи резултати од предлог проектот,
6. Буџетска ефикасност на предлог проектот,
7. Производи од проектните активности и
8. Видливост на предлог проектот.

(2) Релевантност на предлог проектот се оценува на следниот начин:

- Предлог проектот да се базира на утврдените цели и активности од Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за млади, годишната програма за млади и стратешките документи поврзани со младите,
- Проблемот кој е разработен да е актуелен општествен проблем,
- Проблемот кој е разработен да опфаќа група на млади лица,
- Предложената методологија да е соодветна за решавање или да дава придонес кон решавање на проблемот,
- Предложената методологија да генерира самоодржливи механизми кон придонесуваат кон решавање на проблемот и
- Очекуваните резултати и индикатори да се мерливи и во согласност со прецизираните очекувани резултати и индикатори на Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за млади, годишната програма за млади и стратешките документи поврзани со младите.

(3) Ефективноста и ефикасност на предлог проектот се огледа особено во следното:

- Предложените проектни активности и очекуваните резултати да водат кон постигнување на специфични цели на проектот и


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

- Очекуваните резултати да соодвествуваат со направените трошоци ( соодносот помеѓу потрошените средства и добиените резултати треба да е пропроционален).

(4) Партиципацијата на целни групи во предлог проектот се огледа особено во следното:

- Предложениот проект да се базира на активности во кои директно се вклучени застегнатите страни (млади, други здруженија, локална или централна власт, други институции).

(5) Одржливост на предлог проектот се огледа особено во следново :

- Проектот да создава механизми за одржување на резултатите и по завршување на финансирањето.

(6) Очекуваните резултати од предлог проектот се огледаат особено во следново:

- Предложениот проект да генерира конкретни и мерливи краткорочни резултати,
- Број на директни и индиректни корисници од проектот,
- Предложениот пристап да предвидува подеднаква вклученост на мажите и жените и
- Предложениот пристап да предвидува подеднаква вклученост на младите од различни етнички заедници.

(7) Буџетската ефикасност на предлог проектот се огледа особено во следново :

- Дали ( колку ) предлог буџетот соодветствува со реалните трошоци поврзани со проектот.

## Специфични критериуми поврзани со Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за млади

### Член 19

(1) Предлог проектите треба да бидат насочени кон имплементација на некои од специфичните активности од Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за млади, годишната програма за млади и стратешките документи поврзани со младите.


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

(2) За одобрување на средствата потребно е предлог проектите да ги исполнуваат сите горенаведени критериуми од овој Правилник.

Доделување награди во проекти реализирани преку министерството

Член 20

(1) За проекти реализирани од министерството преку Секторот за млади, се доделуваат награди на најдобро рангирани учесници во конкретен проект.

(2) Министерот носи одлука за доделување на награди по претходно добиен соодветен акт од страна на стручна комисија.

(3) Сектор за млади во министерството ја спроведува одлуката наведена во став (2) на овој член.

## СПРЕЧУВАЊЕ НА КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕСИ

Член 21

Спречувањето на судирот на интереси се врши преку изјава за (не) поврзаност со одлучувачките органи и функционери, која секој субјект предлагач на проектот, задолжително ја доставува со предлог проектот, а е во согласност со предметниот закон кој ја уредува конкретната материја. Изјавата е пропишан образец кој е составен дел на оваа Процедура.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 22

Толкување на одредби на оваа Процедура дава министерството.

Член 23

Оваа Процедура влегува во сила со денот на донесувањето.

**Министер,**
**Fatmir Limani**

**Изработил/Përpiloi:** Елеонора Јовановиќ/советник/Këshilltare
**Превод/Përkthimi:** Kefsere Ljoki
**Контролирал/Kontrolloi:** Arta Sulejmani, раководител на одделение/ udhëheqëse Njësie
**Одобрил/Miratoi:**
**Согласен/Pajtohet:** Fatmir Sabriu, државен секретар/Sekretar Shtetëror


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve**

- Сектор млади –
- Sektori i të Rinjve -

ИЗЈАВА
За непостоење судир на интереси

Јас _______________, во својство на Претседател на Здружение __________________________________ под целосна морална, материјална и кривична одговорност, ИЗЈАВУВАМ дека во врска со поднесеното барање/ проект за доделување на средства за ________________________________________ согласно Редовна/Вонредна постапка објавена на ден _______________, не сум во состојба на судир на интереси и немам приватен интерес при доделувањето средства за реализација на истите или било каква друга материјална или нематеријална корист за мене или за мои блиски лица, како резултат на моето учество во постапката.

Скопје, ___________________ година
( место и датум)
Изјавил,

____________________________________


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија

Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk